20262093308

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 2026 година.

Бр. 08-5457/1
3 септември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Силјановска Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 144/14, 178/14, 199/15, 197/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 150/21, 236/22 и 147/24), членот 25 се менува и гласи:

„(1) Со работата на Агенцијата за задолжителни резерви раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

(2) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите за именување на директор утврдени со Законот за високи раководители.

(3) За именување на директор се спроведува постапка за именување согласно со Законот за високи раководители.

(4) Мандатот на директорот трае пет години.

(5) Директорот за работата на Агенцијата за нафтени резерви доставува полугодишен и годишен извештај до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини. Полугодишниот извештај се доставува најдоцна до 30 јули во тековната годината, а годишниот извештај до 31 март во тековната за претходната година.

(6) На директорот мандатот му престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешува и мандатот му престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.“.

Член 2

Членот 53 се брише.

Член 3

Директорот именуван до денот на започнувањето со примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.